**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН ВО 2015 ГОДИНА

**Број 0103 - 679**
**25.03.2016 година**
**Скопје**

## СОДРЖИНА


## 1. Општ дел

## 2. Организација и работа на Државната комисија
2.1. Состав на Државната комисија
2.2. Внатрешна организација на Државната комисија
2.3. Кадровска структура на Државната комисија

## 3. Индикатори на работата на Државната комисија
3.1. Општа статистика на предметите на Државната комисија
3.2. Структура на предметите на Државната комисија според начин на постапување и вид на одлука
3.3. Управно судска заштита во предметите на Државната комисија

## 4. Статистика на предметите на Државната комисија оформени според област

**4.1. Предмети од областа на здравството, трудот и социјалната политика**
4.1.1. Предмети од областа на пензиското и инвалидското осигурување
4.1.2. Предмети од областа на социјалната политика

**4.2. Предмети од областа на образованието, науката, културата, внатрешните работи и граѓанскиот сектор**
4.2.1. Предмети од областа на образованието, науката и културата
4.2.2. Предмети од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор

**4.3. Предмети од областа на транспорт и врски, имотно правните работи и локалната самоуправа**
4.3.1. Предмети од областа на имотно-правните работи
4.3.2. Предмети од областа на катастар
4.3.3. Предмети од областа на денационализацијата
4.3.4. Предмети од областа на транспорт и врски

**4.4. Предмети од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството, ветеринарството, економијата и заштитата на животната средина**
4.4.1. Предмети од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството, ветеринарството и заштитата на животната средина
4.4.2. Предмети од областа на економијата и финансиите

**4.5. Предмети од областа на работните односи**
4.5.1. Предмети од областа на работните односи за вработени со посебни овластувања (МВР, Царинска управа, АРМ)
4.5.2. Предмети од областа на работните односи за вработените за кои се применува општото трудово законодавство и вработените во Агенцијата за администрација

**4.6. Предмети од областа на инспекцискиот надзор**

4.6.1. Статистика на предметите од инспекцискиот надзор според област

4.6.2. Статистика на предметите од областа на инспекцискиот надзор според начин на постапување и вид на одлука

# ВОВЕД

**Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен е основана со Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија“, број 51/2011), (во натамошниот текст: Закон).**

**Согласно член 6 од Законот, Државната комисија за своето работење поднесува годишен извештај до Собранието на Република Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година.**

**Годишниот извештај особено содржи:**

**- број на примени предмети,**
**- број на решени предмети (отфрлени,одбиени и прифатени жалби),**
**- број на нерешени предмети,**
**- број на предмети за кои е покренат управен спор (одбиени и прифатени предмети) и**
**- статистичка анализа на постапките на правна заштита.**

# 1. ОПШТ ДЕЛ

Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен е надлежна за решавање по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен од страна на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи.

Државната комисија исто така е надлежна за решавање по жалби против решенија донесени во прв степен од Комисијата за хартии од вредност.

Таа е надлежна да одлучува и за прашања од областа на работните односи во втор степен (кои не се во надлежност на Агенцијата за администрација), за прашањата од областа на работните односи за државните службеници од Агенцијата за администрација, како и против решенијата на Министерството за внатрешни работи со кои се поништени решенијата за доделување на награди.

Државната комисија оваа година имаше надлежност да решава по жалби против решенија донесени во прв степен во постапка на инспекциски надзор, заклучно со 01.02.2015 година, кога почна да се применува Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија“, број 130/2014).

По предметите од областа на инспекцискиот надзор, во иднина ќе постапува Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Во постапката за решавање по жалби, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка, Законот за работните односи и другите материјални закони во кои е утврдена надлежност за постапување на Државната комисија.

Државната комисија е државен орган кој е самостоен во својата работа и има својство на правно лице. Државната комисија има стручна служба, со која раководи генерален секретар. На вработените во стручната служба ќе се применуваат одредбите од Законот за административни службеници.

Државната комисија е составена од претседател и десет члена кои функцијата ја извршуваат професионално. Претседателот и членовите на Државната комисија ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија. Претседателот и членовите на Државната комисија се именуваат за период од пет години со право на повторен избор.

По жалбените предмети, Државната комисија одлучува на седница со мнозинство од вкупниот број членови. Државната комисија може да работи само доколку на седницата се присутни најмалку седум члена. На седниците на Државната комисија задолжително присуствува претседателот и/или неговиот заменик. Член на Државната комисија не може да биде воздржан при гласање. Седниците на Државната комисија не се јавни.

Начинот на работа и постапката за одлучување пред Државната комисија е уреден со Деловник за начинот на работа и одлучување на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

# 2. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА

## 2.1. Состав на Државната комисија

- Државната комисија е составена од Претседател и десет члена на Државната комисија.

Заменик претседателот на Државната комисија е избран од редот на членовите на Комисијата.

- Стручната служба на Државната комисија, која согласно Правилникот за внатрешна организација на Државната комисија и Правилникот за систематизација на работните места во Државната комисија е предвидено да работи со четири државни советници, пет сектори, тринаесет одделенија во составот на секторите и едно самостојно одделение. Со стручната служба раководи Генерален секретар. Во моментов во стручната служба на Државната комисија вработени се вкупно 53 лица.

## 2.2. Внатрешна организација на Државната комисија

Внатрешната организација на Државната комисија е уредена со Правилникот за внатрешна организација на Државната комисија.

Со Правилникот се утврдува внатрешната организација на Државната комисија, видот и бројот на организациските единици, нивниот делокруг на работа, начинот на раководењето и графичкиот приказ на внатрешната организација на Државната комисија (органограм).

Внатрешната организација на Државната комисија е уредена согласно надлежностите на Државната комисија утврдени во Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и посебните закони со кои се определува надлежност за одлучување на Државната комисија.

Внатрешната организација во Државната комисија се заснова на начелата на:

- Законитост, стручност, ефикасност и економичност во вршењето на работите и задачите;
- Насоченост кон корисниците на услуги на Државната комисија;
- Независност и одговорност при вршењето на службените задачи;
- Еднообразност и хиерархиска поставеност на организациските единици;
- Делегирање на овластувања и
- Меѓуресорска и меѓусекторска координација.

Заради остварување на законските надлежности, обединување на повеќе меѓусебно поврзани функции, организирање, следење и координирање на работите, како и заради извршување на информатичко-технолошки работи, работи во врска со управување со човечки ресурси, нормативно-правни, информативно-комуникациски,

информативно-документарни, стручно-аналитички, надзорни, материјално-финансиски, стручно-административни и други работи, во Државната комисија се основаат следните организациски единици:

*** Сектор за здравство, труд и социјална политика, образование, наука и култура;**

*** Сектор за работни односи и внатрешни работи и граѓански сектор;**

*** Сектор за транспорт и врски, имотно- правни работи и локална самоуправа, земјоделство, шумарство, водостопанство, ветеринарство, економија, финансии и заштита на животната средина;**

*** Сектор за финансиски прашања**

*** Сектор за стручно - административни работи;**

*** Самостојно одделение:**

- Одделение за управување со човечки ресурси

## 2.3. Кадровска структура на Државната комисија

Структура на човечки ресурси на Државната комисија заклучно со 31.12.2015 година:

| | |
|---|---|
| - Претседател на Државната комисија | 1 |
| - Заменик Претседател на Државната комисија | 1 |
| - Член на Државната комисија | 9 |
| - Генерален секретар | 1 |
| - Државен советник | 2 |
| - Раководител на сектор | 4 |
| - Помошник раководител на сектор | 6 |
| - Раководител на одделение | 6 |
| - Советник | 10 |
| - Виш соработник | 4 |
| - Соработник | 4 |
| - Помлад соработник | 7 |
| - Самостоен референт | 4 |
| - Референт | 3 |
| - Помлад референт | 2 |
| **Вкупно:** | **64** |

# 3. ИНДИКАТОРИ НА РАБОТАТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА

## 3.1. Општа статистика на предметите на Државната комисија

Во текот на 2015 година, до Државната комисија се примени и оформени вкупно **4.667 предмети,** кои во понатамошниот текст детално се образложени според структура, начин на постапување и област.

Од предметите кои се примени и оформени во 2015 година, Државната комисија постапила по 4.171 предмет.

Покрај ова, Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по 1.763 предмети кои се примени и оформени во 2014 година, како и по 130 предмети кои се оформени во 2013 година.

Преметите по кои постапила Државната комисија оваа година, а се примени и оформени во 2013 години, се предмети по пресуда на Управниот суд, по кои Државната комисија повторно постапувала, како и административно докомплетирани предмети од страна на првостепените органи.

Од горенаведеното произлегува дека Државната комисија во 2015 година, постапила по **вкупно 6.064 предмети.**

Од предметите кои се примени и оформени во 2014 година, Државната комисија не постапила, односно останале нерешени вкупно 496 предмети.

Во делот на нерешените предмети важно е да се истакне дека најголем дел од истите се пристигнати во Државната комисија во текот на декември 2015 година, па оттука не постои објективна можност истите да бидат решени во 2015 година. Поради тоа, овие предмети во извештајот се евидентирани како нерешени, меѓутоа со оглед на законски предвидениот рок за одлучување од два месеци, Државната комисија во овој рок постапувала по предметите на почетокот од 2016 година, кое нешто ќе биде прикажано во извештајот за следната година.

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно примени предмети во 2015 година: | **4.667** | Предмети од 2015 година |
| Вкупно предмети по кои постапила Државната комисија во 2015 година | **6.064** | (Вкупен збир на предмети по кои е постапено: 130 од 2013 година, 1.763 од 2014 година и 4.171 од 2015 година) |
| Вкупно предмети по кои не постапила Државната комисија – нерешени предмети | **496** | (Вкупно нерешени предмети од 2015 година) |

*Овој табеларен приказ се однесува на вкупната работа на Државната комисија во 2015 година.




*Графички приказ на работата на Државната комисија по предметите примени во 2015 година.

## 3.2. Структура на предметите на Државната комисија според начин на постапување и вид на одлука

Како што е погоре наведено, Државната комисија во текот на 2015 година постапила по **вкупно 6.064 предмети.** Овој податок претставува вкупен збир на предмети по кои постапила Државната комисија во текот на 2015 година, а се примени оваа година, во 2014 година, како и 2013 година, за што е дадено погоре објаснување.

Со цел подобро запознавање со работата на Државната комисија, во понатамошниот текст подетално е објаснета структурата и видот на предметите, како и начинот на постапување по истите од страна на Државната комисија.

Предметите кои се примени и оформени пред Државната комисија генерално се категоризираат на следниот начин:

- Предмети оформени по жалби изјавени против решенија на првостепените органи,
- Предмети оформени по тужби изјавени против решенија на поранешните комисии на Владата на Република Македонија
- Предмети оформени по жалби на пресуди на Управниот суд на Република Македонија.

Државната комисија во 2015 година постапила по **вкупно 6.064 предмети** и тоа на начин и постапка според структурата и видот на предметите пристигнати и оформени пред Државната комисија. Во таа смисла, Државната комисија по горенаведените предмети постапила на следниот начин:

**По предметите оформени по жалби изјавени против решенија на првостепените органи**, Државната комисија постапила на начин што:

*** Ја уважила жалбата на жалителот, го поништила првостепеното решение и предметот го вратила на повторно разгледување и одлучување, (понатаму: уважени жалби).**

- Од вкупиот број на решени предмети во 2015 година, Државната комисија уважила вкупно **1.673 жалби.**

*** Ја одбила жалбата како неоснована, (понатаму: одбиени жалби).**

- Од вкупиот број на решени предмети во 2015 година, Државната комисија одбила вкупно **3.447 жалби.**

*** Ја отфрлила жалбата како ненавремена, недопуштена или изјавена од неовластено лице, (понатаму: отфрлени жалби).**

- Од вкупиот број на решени предмети во 2015 година, Државната комисија отфрлила вкупно **376 жалби.**

*** Ја запрела постапката по изјавената жалба со Заклучок за запирање, поради повлекување на жалбата од страна на жалителот, (понатаму: запрени постапки).**

- Од вкупиот број на решени предмети во 2015 година, Државната комисија ја запрела постапката по вкупно **32 изјавени жалби.**

*** Постапувајќи по изјавената жалба, го огласила првостепеното решение за ништовно, (понатаму: огласени за ништовни).**

- Од вкупиот број на решени предмети во 2015 година, Државната комисија постапувајќи по изјавената жалба, огласила за ништовни вкупно **2 решенија** на првостепените органи.

*** Постапувајќи по изјавената жалба, го поништила првостепеното решение и самата го решила предметот, (понатаму: мериторни одлуки).**

- Од вкупиот број на решени предмети во 2015 година, Државната комисија мериторно одлучила по вкупно **85 предмети.**

*** Административно побарала докази или доуредување на предметот**. Во овој случај, по оформување на предметот, Државната комисија извршила увид во списите на предметот и констатирала дека постојат недостатоци поради кои неможе да постапува. Понатаму, Државната комисија изготвила допис со кој ги укажува утврдените недостатоци и предметот го враќа на првостепениот орган да ги отстрани истите, односно да ги достави бараните докази и списи, со цел да се докомплетира предметот, како би можела Државната комисија да постапува по истиот. **(понатаму: административно доуредување).**

- Од вкупиот број на предмети по кои постапила во 2015 година, Државната комисија административно побарала докази или доуредување по вкупно **329 предмети.**

*** Ги пратила на понатамошно постапување на надлежен орган.** Во овој случај по оформување на предметот, Државната комисија извршила увид во списите на предметот и констатирала дека согласно законските одредби не е надлежна да постапува, односно дека друг орган е надлежен да постапува по изјавената жалба и истата ја праќа на понатамошно постапување на надлежниот орган.

Во оваа категорија на предмети, исто така во голем број се застапени и пресудите на Управниот суд со кои се одбиваат, отфрлаат или запираат постапките по тужби, изјавени против решенијата на поранешните комисии на Владата на Република Македонија, како и против решенијата на Државната комисија, односно пресуди со кои не се задолжува Државната комисија да постапува. Во таа смисла, по приемот на пресудата, се оформува предмет, се врши увид во пресудата и запознавање со содржината на истата и откако ќе се констатира наведеното, предметот се праќа на надлежниот орган. **(понатаму: пратени на понатамошно постапување на надлежен орган).**

- Од вкупиот број на предмети по кои постапила во 2015 година, Државната комисија пратила на понатамошно постапување на надлежен орган вкупно **113 предмети.**

**По предметите оформени по тужби изјавени против решенија на поранешните комисии на Владата на Република Македонија**, Државната комисија постапила на начин што по доставување на тужбата од страна на Управниот суд, оформува предмет, врши увид во списите и со допис ги побарува сите списи по кои се водела постапката од првостепениот орган. По добивање на списите од страна на првостепениот орган, Државната комисија врши комлетирање на предметот, дава одговор на тужба и истиот го доставува до Управниот суд на Република Македонија. **(понатаму: тужби доставени до Управен суд).**

- Од вкупиот број на предмети по кои постапила во 2015 година, Државната комисија постапила по вкупно **7 предмети** оформени по тужби изјавени против решенија на поранешните комисии на Владата на Република Македонија.

**По предметите оформени по жалби на пресуди на Управниот суд на Република Македонија**, Државната комисија постапила на начин што по доставување на жалбата на пресудата од страна на Управниот суд, оформува предмет, врши увид во списите и со допис ги побарува сите списи по кои се водела постапката од првостепениот орган. По добивање на списите од страна на првостепениот орган, Државната комисија врши комлетирање на предметот и истиот го доставува до Управниот суд на Република Македонија. **(понатаму: жалби на пресуди доставени до Управен суд).**

| **Структура на предметите по кои постапила Државната комисија во 2015 година според начин на постапување и вид на одлука** | |
|---|---|
| | |
| Уважени жалби | 1.673 |
| Одбиени жалби | 3.447 |
| Отфрлени жалби | 376 |
| Запрени постапки | 32 |
| Огласени за ништовни првостепени решенија | 2 |
| Мериторни одлуки | 85 |
| Пратени на административно доуредување | 329 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 113 |
| Тужби доставени до Управен суд | 7 |
| Вкупно | **6.064** |




*Вкупно предмети по кои постапила Државната комисија во 2015 година, според начин на постапување и вид на одлука

### 3.3. Управно судска заштита во предметите на Државната комисија

Во општиот дел од овој Извештај, опишана е надлежноста на Државната комисија да решава по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен од страна на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи, по жалби против решенија донесени во прв степен од Комисијата за хартии од вредност, понатаму заклучно со 01.02.2015 година, да решава по жалби против решенија донесени во прв степен во постапка на инспекциски надзор, како и надлежноста да одлучува за прашања од областа на работните односи во втор степен (кои не се во надлежност на Агенцијата за администрација), за прашањата од областа на работните односи за државните службеници од Агенцијата за администрација, како и против решенијата на Министерството за внатрешни работи со кои се поништени решенијата за доделување на награди.

Во членот 10 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, обезбедена е судска заштита против решенијата на Државната комисија, пред управниот, односно надлежниот редовен суд.

Во таа смисла, по однос на решенијата на Државната комисија, во овој дел истакнуваме дека Државната комисија заклучно со 31.12.2015 година, евидентирала вкупно **527 поведени управни спора**, против решенијата на Државната комисија донесени во 2015 година.

# 4. СТАТИСТИКА НА ПРЕДМЕТИТЕ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ОФОРМЕНИ СПОРЕД ОБЛАСТ

## 4.1. Предмети од областа на здравството, трудот и социјалната политика

### 4.1.1. Предмети од областа на пензиското и инвалидското осигурување

Во 2015 година се пристигнати и оформени вкупно **1.489 предмети** од областа на пензиското и инвалидското осигурување и заведени пред Државната комисија со архивскиот знак 0701.

Од предметите од оваа област кои се примени и оформени во 2015 година, Државната комисија постапила по 1.457 предмети.

Покрај ова, Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по 472 предмети од оваа област кои се примени и оформени во 2014 година, како и по 73 предмети од 2013 година.

Преметите по кои постапила Државната комисија оваа година, а се примени и оформени во 2013 години, се предмети по пресуда на Управниот суд, по кои Државната комисија повторно постапувала, како и административно докомплетирани предмети од страна на првостепениот орган.

Од горенаведеното произлегува дека Државната комисија во 2015 година, постапила по **вкупно 2.002 предмети,** од областа на пензиското и инвалидското осигурување.

Од предметите кои се примени и оформени во 2015 година, од областа на пензиското и инвалидското осигурување, Државната комисија не постапила, односно останале нерешени 32 предмети.

Кај предметите од пензиското и инвалидското осигурување, односно во делот на нерешените предмети од оваа област, важно е да се истакне дека најголем дел од истите се пристигнати во Државната комисија во текот на декември 2015 година и во извештајот се евидентирани како нерешени, меѓутоа согласно законски предвидениот рок од два месеци, Државната комисија постапила по истите на почетокот од 2016 година, кое нешто ќе биде прикажано во извештајот за следната година.

Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по вкупно **2.002 предмети** од областа на пензиското и инвалидското осигурување и тоа на следниот начин:

- 575 предмети каде жалбата се уважува
- 1.266 предмети каде жалбата се одбива
- 39 предмети каде жалбата се отфрла
- 4 предмети по кои постапката е запрена
- 67 предмети по кои е мериторно одлучено
- 12 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 39 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување

| 2015 година | |
|---|---|
| **Предмети од областа на пензиското и инвалидското осигурување по кои постапила Државната комисија во 2015 година** | |
| Уважени жалби | 575 |
| Одбиени жалби | 1.266 |
| Отфрлени жалби | 39 |
| Запрени постапки | 4 |
| Мериторни одлуки | 67 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 12 |
| Административно доуредување | 39 |
| **Вкупно** | **2.002** |




*Вкупно предмети од областа на пензиското и инвалидското осигурување по кои постапила Државната комисија во 2015 година

Во овој дел исто така важно е да се истакне дека Државната комисија имајќи го предвид социјалниот аспект содржан во предметите од оваа област, минатата година посвети особено внимание кај предметите од пензиското и инвалидското осигурување. Ова резултираше со намалување на бројот на нерешени предмети од оваа област и тековно постапување по истите.

Државната комисија со ваков интензитет продолжи и оваа година, што придонесе за одлучување по предметите од оваа област пред законски определениот рок. Со овој начин на постапување, Државната комисија придонесе за поефикасна и поквалитетна заштита на граѓаните при остварување на правата од областа на пензиското и инвалидското осигурување.

### 4.1.2. Предмети од областа на социјалната политика

Во 2015 година се пристигнати и оформени вкупно **10 предмети** од областа на социјалната политика и заведени пред Државната комисија со архивскиот знак 0704.

Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по примените **10 предмети** од областа на социјалната политика на следниот начин:

- 3 предмети каде жалбата се одбива
- 1 предмет каде жалбата се отфрла
- 4 предмети пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 2 предмети по кој административно е побарано докази или доуредување

| **2015 година** | |
|---|---|
| **Предмети од областа на социјалната политика по кои постапила Државната комисија во 2015 година** | |
| Одбиени жалби | 3 |
| Отфрлени жалби | 1 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 4 |
| Административно доуредување | 2 |
| **Вкупно** | **10** |

### 4.2. Предмети од областа на образованието, науката, културата, внатрешните работи и граѓанскиот сектор

### 4.2.1. Предмети од областа на образованието, науката и културата

Во 2015 година се пристигнати и оформени вкупно **771 предмет** од областа на образованието, науката и културата и заведени пред Државната комисија со архивскиот знак 0705.

Од предметите од оваа област кои се примени и оформени во 2015 година, Државната комисија постапила по 767 предмети.

Покрај ова, Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по 53 предмети од оваа област кои се примени и оформени во 2014 година.

Од горенаведеното произлегува дека Државната комисија во 2015 година, постапила по **вкупно 820 предмети,** од областа на образованието, науката и културата.

Од предметите кои се примени и оформени во 2015 година, од областа на образованието, науката и културата, Државната комисија не постапила, односно останале нерешени 4 предмети**.**

Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по вкупно **820 предмети** од областа на образованието, науката и културата и тоа на следниот начин:

- 60 предмети каде жалбата се уважува
- 705 предмети каде жалбата се одбива
- 30 предмети каде жалбата се отфрла
- 1 предмет по кој постапката е запрена
- 10 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 14 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување

| **2015 година** | |
|---|---|
| **Предмети од областа на образование, наука и култура по кои постапила Државната комисија во 2015 година** | |
| Уважени жалби | 60 |
| Одбиени жалби | 705 |
| Отфрлени жалби | 30 |
| Запрени постапки | 1 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 10 |
| Административно доуредување | 14 |
| **Вкупно** | **820** |




*Вкупно предмети од областа на образовнието, науката и културата по кои постапила Државната комисија во 2015 година

### 4.2.2. Предмети од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор

Во 2015 година се пристигнати и оформени вкупно **381 предмет** од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор и заведени пред Државната комисија со архивскиот знак 0708.

Од предметите од оваа област кои се примени и оформени во 2015 година, Државната комисија постапила по 349 предмети.

Покрај ова, Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по 117 предмети од оваа област кои се примени и оформени во 2014 година.

Од горенаведеното произлегува дека Државната комисија во 2015 година, постапила по **вкупно 466 предмети,** од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор.

Од предметите кои се примени и оформени во 2015 година, од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор, Државната комисија не постапила, односно останале нерешени 32 предмети**.**

Кај предметите од оваа област, односно во делот на нерешените предмети, важно е да се истакне дека истите се пристигнати во Државната комисија во текот на декември 2015 година и во извештајот се евидентирани како нерешени, меѓутоа согласно законски предвидениот рок од два месеци, Државната комисија постапила по истите на почетокот од 2016 година, кое нешто ќе биде прикажано во извештајот за следната година.

Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по вкупно **466 предмети** од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор и тоа на следниот начин:

- 19 предмети каде жалбата се уважува
- 420 предмети каде жалбата се одбива
- 9 предмети каде жалбата се отфрла
- 3 предмети по кои постапката е запрена
- 2 предмети каде првостепените решенија се огласени за ништовни
- 11 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување
- 2 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган

| **2015 година** | |
|---|---|
| **Предмети од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор по кои постапила Државната комисија во 2015 година** | |
| Уважени жалби | 19 |
| Одбиени жалби | 420 |
| Отфрлени жалби | 9 |
| Запрени постапки | 3 |
| Првостепени решенија огласени за ништовни | 2 |
| Административно доуредување | 11 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 2 |
| **Вкупно** | **466** |




*Вкупно предмети од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор
по кои постапила Државната комисија во 2015 година

## 4.3. Предмети од областа на транспорт и врски, имотно правните работи и локалната самоуправа

### 4.3.1. Предмети од областа на имотно-правните работи

Во 2015 година се пристигнати и оформени вкупно **823 предмети** од областа на имотно правните работи и заведени пред Државната комисија со архивскиот знак 0801.

Од предметите од оваа област кои се примени и оформени во 2015 година, Државната комисија постапила по 531 предмети.

Покрај ова, Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по 472 предмети од оваа област кои се примени и оформени во 2014 година, како и по 44 предмети од 2013 година.

Преметите по кои постапила Државната комисија оваа година, а се примени и оформени во 2013 години, се предмети по пресуда на Управниот суд, по кои Државната комисија повторно постапувала, како и административно докомплетирани предмети од страна на првостепениот орган.

Од горенаведеното произлегува дека Државната комисија во 2015 година, постапила по **вкупно 1.047 предмети,** од областа на имотно правните работи.

Од предметите кои се примени и оформени во 2015 година, од областа на имотно правните работи, Државната комисија не постапила, односно останале нерешени 292 предмети**.**

Кај предметите од оваа област, односно во делот на нерешените предмети, напоменуваме дека за голем дел од истите не е изминат законскиот рок од два месеци за решавање.

Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по вкупно **1.047 предмети** од областа на имотно правните работи и тоа на следниот начин:

- 658 предмети каде жалбата се уважува
- 180 предмети каде жалбата се одбива
- 69 предмети каде жалбата се отфрла
- 18 предмети по кои е мериторно одлучено
- 14 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 108 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување

| **2015 година** | |
|---|---|
| **Предмети од областа на имотно правните работи по кои постапила Државната комисија во 2015 година** | |
| Уважени жалби | 658 |
| Одбиени жалби | 180 |
| Отфрлени жалби | 69 |
| Мериторни одлуки | 18 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 14 |
| Административно доуредување | 108 |
| **Вкупно** | **1.047** |




*Вкупно предмети од областа на имотно правните работи
по кои постапила Државната комисија во 2015 година

### 4.3.2. Предмети од областа на катастар

Во 2015 година се пристигнати и оформени вкупно **5 предмети** од областа на катастар и заведени пред Државната комисија со архивскиот знак 0814.

Од предметите од оваа област кои се оформени во 2015 година, Државната комисија постапила по примените 5 предмети.

Покрај ова, Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по 94 предмети од оваа област кои се примени и оформени минатите години, кои се предмети по пресуда на Управниот суд, по кои постапува Државната комисија, како и административно докомплетирани предмети од страна на првостепениот орган.

Од горенаведеното произлегува дека Државната комисија во 2014 година, постапила по **вкупно 99 предмети,** од областа на катастар.

Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по вкупно **99 предмети** од областа на катастар и тоа на следниот начин:

- 27 предмети каде жалбата се уважува
- 23 предмети каде жалбата се одбива
- 6 предмети каде жалбата се отфрла
- 12 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 31 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување

| **2015 година** | |
|---|---|
| **Предмети од областа на катастар по кои постапила Државната комисија во 2015 година** | |
| Уважени жалби | 27 |
| Одбиени жалби | 23 |
| Отфрлени жалби | 6 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 12 |
| Административно доуредување | 31 |
| **Вкупно** | **99** |




*Вкупно предмети од областа на катастар по кои постапила Државната комисија во 2015 година

### 4.3.3. Предмети од областа на денационализацијата

Во 2015 година се пристигнати и оформени вкупно **38 предмети** од областа на денационализацијата и заведени пред Државната комисија со архивскиот знак 0815.

Од предметите од оваа област кои се примени и оформени во 2015 година, Државната комисија постапила по 29 предмети.

Покрај ова, Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по 49 предмети од оваа област кои се примени и оформени во 2014 година, како и по 13 предмети од 2013 година, по доставени правосилни пресуди од страна на Управниот суд и целосно комплетирање на списите од предметот.

Од горенаведеното произлегува дека Државната комисија во 2015 година, постапила по **вкупно 91 предмет,** од областа на денационализацијата.

Од предметите кои се примени и оформени во 2015 година, од областа на денационализацијата, Државната комисија не постапила, односно останале нерешени 9 предмети**.**

Во овој дел важно е да се истакне дека Државната комисија по предметите од областа на денационализацијата, во најголем дел постапува по пресуди на Управниот суд, донесени во постапка по тужба против решенијата на поранешната комисија на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен од областа на денационализацијата.

Во таа смисла, Државната комисија по предметите од оваа област постапува тековно, односно по добивање на правосилна пресуда од страна на Управниот суд и целосно комплетирање на списите од предметот.

Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по вкупно **91 предмет** од областа на денационализацијата и тоа на следниот начин:

- 47 предмети каде жалбата се уважува
- 17 предмети каде жалбата се одбива
- 3 предмети каде жалбата се отфрла
- 12 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 5 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување
- 7 предмети по тужби доставени до Управниот суд

| 2015 година | |
|---|---|
| **Предмети од областа на денационализацијата по кои постапила Државната комисија во 2015 година** | |
| Уважени жалби | 47 |
| Одбиени жалби | 17 |
| Отфрлени жалби | 3 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 12 |
| Административно доуредување | 5 |
| Тужби доставени до Управен суд | 7 |
| **Вкупно** | **91** |




*Вкупно предмети од областа на денационализацијата по кои постапила Државната комисија во 2015 година

### 4.3.4. Предмети од областа на транспорт и врски

Во 2015 година се пристигнати и оформени вкупно **145 предмети** од областа на транспорт и врски и заведени пред Државната комисија со архивскиот знак 0804.

Од предметите од оваа област кои се примени и оформени во 2015 година, Државната комисија постапила по 125 предмети.

Покрај ова, Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по 58 предмети од оваа област кои се примени и оформени во 2014 година.

Од горенаведеното произлегува дека Државната комисија во 2015 година, постапила по **вкупно 183 предмети,** од областа на транспорт и врски.

Од предметите кои се примени и оформени во 2015 година, од областа на транспорт и врски, Државната комисија не постапила, односно останале нерешени 20 предмети**.**

Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по вкупно **183 предмети** од областа на транспорт и врски и тоа на следниот начин:

- 32 предмети каде жалбата се уважува
- 74 предмети каде жалбата се одбива
- 27 предмети каде жалбата се отфрла
- 11 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 39 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување

| **2015 година** | |
|---|---|
| **Предмети од областа на транспорт и врски по кои постапила Државната комисија во 2015 година** | |
| Уважени жалби | 32 |
| Одбиени жалби | 74 |
| Отфрлени жалби | 27 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 11 |
| Административно доуредување | 39 |
| **Вкупно** | **183** |




*Вкупно предмети од областа на транспорт и врски по кои постапила Државната комисија во 2015 година

### 4.4. Предмети од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството, ветеринарството, економијата и заштитата на животната средина

#### 4.4.1. Предмети од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството, ветеринарството и заштитата на животната средина

Во 2015 година се пристигнати и оформени вкупно **29 предмети** од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството, ветеринарството и заштитата на животната средина и заведени пред Државната комисија со архивскиот знак 0807.

Од предметите од оваа област кои се примени и оформени во 2015 година, Државната комисија постапила по 22 предмети.

Покрај ова, Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по 27 предмети од оваа област кои се примени и оформени во 2014 година.

Од горенаведеното произлегува дека Државната комисија во 2015 година, постапила по **вкупно 49 предмети,** од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството, ветеринарството и заштитата на животната средина.

Од предметите кои се примени и оформени во 2015 година, од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството, ветеринарството и заштитата на животната средина, Државната комисија не постапила, односно останале нерешени 7 предмети**.**

Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по вкупно **49 предмети** од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството, ветеринарството и заштитата на животната средина и тоа на следниот начин:

- 8 предмети каде жалбата се уважува
- 11 предмети каде жалбата се одбива
- 19 предмети каде жалбата се отфрла
- 2 предмети по кои постапката е запрена
- 6 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување
- 3 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган

| **2015 година** | |
|---|---|
| **Предмети од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството, ветеринарството и заштитата на животната средина по кои постапила Државната комисија во 2015 година** | |
| Уважени жалби | 8 |
| Одбиени жалби | 11 |
| Отфрлени жалби | 19 |
| Запрени постапки | 2 |
| Административно доуредување | 6 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 3 |
| **Вкупно** | **49** |




*Вкупно предмети од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството, ветеринарството и заштитата на животната средина по кои постапила Државната комисија во 2015 година

### 4.4.2. Предмети од областа на економијата и финансиите

Во 2015 година се пристигнати и оформени вкупно **27 предмети** од областа на економијата и финансиите и заведени пред Државната комисија со архивскиот знак 0810.

Од предметите од оваа област кои се примени и оформени во 2015 година, Државната комисија постапила по 20 предмети.

Покрај ова, Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по 14 предмети од оваа област кои се примени и оформени во 2014 година.

Од горенаведеното произлегува дека Државната комисија во 2015 година, постапила по **вкупно 34 предмети,** од областа на економијата и финансиите**.**

Од предметите кои се примени и оформени во 2015 година, од областа на економијата и финансиите, Државната комисија не постапила, односно останале нерешени 7 предмети.

Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по вкупно **34 предмети** од областа на економијата и финансиите и тоа на следниот начин:

- 15 предмети каде жалбата се уважува
- 13 предмети каде жалбата се одбива
- 2 предмети каде жалбата се отфрла
- 4 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување

| **2015 година** | |
|---|---|
| **Предмети од областа на економијата и финансиите по кои постапила Државната комисија во 2015 година** | |
| Уважени жалби | 15 |
| Одбиени жалби | 13 |
| Отфрлени жалби | 2 |
| Административно доуредување | 4 |
| **Вкупно** | **34** |




*Вкупно предмети од областа на економијата и финансиите по кои постапила Државната комисија во 2015 година

## 4.5. Предмети од областа на работните односи

### 4.5.1. Предмети од областа на работните односи за вработени со посебни овластувања (МВР, Царинска управа, АРМ)

Во 2015 година се пристигнати и оформени вкупно **546 предмети** од областа на работните односи за вработени со посебни овластувања (МВР, Царинска управа, АРМ) и заведени пред Државната комисија со архивскиот знак 0901.

Од предметите од оваа област кои се примени и оформени во 2015 година, Државната комисија постапила по 487 предмети.

Покрај ова, Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по 19 предмети од оваа област кои се примени и оформени во 2014 година.

Од горенаведеното произлегува дека Државната комисија во 2015 година, постапила по **вкупно 506 предмети,** од областа на работните односи за вработени со посебни овластувања**.**

Од предметите кои се примени и оформени во 2015 година, од областа на работните односи за вработени со посебни овластувања, Државната комисија не постапила, односно останале нерешени 59 предмети**.**

Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по вкупно **506 предмети** од областа на работните односи за вработени со посебни овластувања (МВР, Царинска управа, АРМ) и тоа на следниот начин:

- 30 предмети каде жалбата се уважува
- 412 предмети каде жалбата се одбива
- 16 предмети каде жалбата се отфрла
- 2 предмети по кои е запрена постапката
- 42 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување
- 4 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган

| **2015 година** | |
|---|---|
| **Предмети од областа на работните односи за вработени со посебни овластувања (МВР, Царинска управа, АРМ) по кои постапила Државната комисија во 2015 година** | |
| Уважени жалби | 30 |
| Одбиени жалби | 412 |
| Отфрлени жалби | 16 |
| Запрени постапки | 2 |
| Административно доуредување | 42 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 4 |
| **Вкупно** | **506** |




*Вкупно предмети од областа на работните односи за вработени со посебни овластувања (МВР, Царинска управа, АРМ) по кои постапила Државната комисија во 2015 година

### 4.5.2 Предмети од областа на работните односи за вработените за кои се применува општото трудово законодавство и вработените во Агенцијата за администрација

Во 2015 година се пристигнати и оформени вкупно **278 предмети** од областа на работните односи за вработените за кои се применува општото трудово законодавство и вработените во Агенцијата за администрација и заведени пред Државната комисија со архивскиот знак 0904.

Од предметите од оваа област кои се примени и оформени во 2015 година, Државната комисија постапила по 244 предмети.

Покрај ова, Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по 42 предмети од оваа област кои се примени и оформени во 2014 година.

Од горенаведеното произлегува дека Државната комисија во 2015 година, постапила по **вкупно 286 предмети,** од областа на работните односи за вработените за кои се применува општото трудово законодавство и вработените во Агенцијата за администрација**.**

Од предметите кои се примени и оформени во 2015 година, од областа на работните односи за вработените за кои се применува општото трудово законодавство и вработените во Агенцијата за администрација, Државната комисија не постапила, односно останале нерешени 34 предмети**.**

Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по вкупно **286 предмети** од областа на работните односи за вработените за кои се применува општото трудово законодавство и вработените во Агенцијата за администрација и тоа на следниот начин:

- 39 предмети каде жалбата се уважува
- 112 предмети каде жалбата се одбива
- 106 предмети каде жалбата се отфрла
- 4 предмети по кои постапката е запрена
- 11 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 14 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување

| **2015 година** | |
|---|---|
| **Предмети од областа на работните односи за вработените за кои се применува општото трудово законодавство и вработените во Агенцијата за администрација по кои постапила Државната комисија во 2015 година** | |
| Уважени жалби | 39 |
| Одбиени жалби | 112 |
| Отфрлени жалби | 106 |
| Запрени постапки | 4 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 11 |
| Административно доуредување | 14 |
| **Вкупно** | **286** |




*Вкупно предмети од областа на работните односи за вработените за кои се применува општото трудово законодавство и вработените во Агенцијата за администрација по кои постапила Државната комисија во 2015 година

Кај предметите од областа на работните односи, односно во делот на нерешените предмети од оваа област, важно е да се истакне дека најголем дел од истите се пристигнати во Државната комисија во текот на декември 2015 година и во извештајот се евидентирани како нерешени, меѓутоа согласно законски предвидениот рок, Државната комисија постапила по истите на почетокот од 2016 година, односно до изготвувањето на овој извештај, кое нешто ќе биде прикажано во извештајот за следната година.

## 4.6. Предмети од областа на инспекцискиот надзор

### 4.6.1. Статистика на предметите од инспекцискиот надзор според област

Како што е наведено во општиот дел од овој Извештај, Државната комисија оваа година имаше надлежност да решава по жалби против решенија донесени во прв степен во постапка на инспекциски надзор, заклучно со 01.02.2015 година, кога почна да се применува Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија“, број 130/2014).

Во овој период од 2015 година, до Државната комисија беа примени и оформени вкупно 125 предмети од областа на инспекцискиот надзор, кои во овој дел детално ќе бидат образложени според областа и начинот на постапување по истите.

Во таа смисла, пред Државната комсија во 2015 година беа примени **вкупно 125 предмети** од областа на инспекцискиот надзор и истите беа оформени според областа на следниот начин:

**1. Предмети од областа на трудовата инспекција**

- пред Државната комисија беа примени вкупно 13 предмети од оваа област и заведени со архивскиот знак 1204.

**2. Предмети од областа на просветната инспекција**

- пред Државната комисија беа примени вкупно 2 предмети од оваа област и заведени со архивскиот знак 1301.

**3. Предмети од областа на комуналната инспекција**

- пред Државната комисија беа примени вкупно 8 предмети од оваа област и заведени со архивскиот знак 1401.

**4. Предмети од областа на градежната инспекција**

- пред Државната комисија беа примени вкупно 87 предмети од оваа област и заведени со архивскиот знак 1405.

**5. Предмети од областа на инспекцискиот надзор на јавните патишта**

- пред Државната комисија беа примени вкупно 5 предмети од оваа област и заведени со архивскиот знак 1408.

**6. Предмети од областа на инспекцискиот надзор за шумарство и ловство**

- пред Државната комисија беше примен вкупно 1 предмет од оваа област и заведен со архивскиот знак 1604.

7. **Предмети од областа на пазарната инспекција**

- пред Државната комисија беа примени вкупно 3 предмети од оваа област и заведени со архивскиот знак 1701.

8. **Предмети од областа на инспекцискиот надзор за животна средина и просторно планирање**

- пред Државната комисија беа примени вкупно 6 предмети од оваа област и заведени со архивскиот знак 1801.




***Вкупно предмети од инспекцискиот надзор во 2015 година според област**

- Во овој дел повторно ќе истакнеме дека надлежноста на Државната комисија за решавање по жалби против решенија донесени во прв степен во постапка на инспекциски надзор, беше одземена со Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, објавен во Службен весник на Република Македонија број 130/2014 од 03.09.2014 година.

Согласно член 4 од истиот Закон, постапките по жалби против решенија на инспекторите пред Државната комисија започнати до денот на отпочување на примената на овој закон ќе се завршат од страна на комисијата согласно прописите по кои биле започнати.

По предметите од областа на инспекцискиот надзор, во иднина ќе постапува Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

### 4.6.2. Статистика на предметите од областа на инспекцискиот надзор според начин на постапување и вид на одлука

Во 2015 година пред Државната комисија се пристигнати и оформени **вкупно 125 предмети** од областа на инспекцискиот надзор, заведени по групи според областа како што е погоре наведено.

Државната комисија оваа година постапи по примените 125 предмети, како и по 346 предмети од оваа област кои беа примени минатата година, а имаше обврска да ги заврши согласно прописите по кои биле започнати.

Од горенаведеното произлегува дека Државната комисија во 2015 година, постапила по **вкупно 471 предмет**, од областа на инспекцискиот надзор.

Државната комисија во текот на 2015 година, постапила по **вкупно 471 предмет** од областа на инспекцискиот надзор и тоа на следниот начин:

- 163 предмети каде жалбата се уважува
- 211 предмети каде жалбата се одбива
- 49 предмети каде жалбата се отфрла
- 16 предмети по кои постапката е запрена
- 18 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 14 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување

| **2015 година** | |
|---|---|
| **Предмети од областа на инспекцискиот надзор по кои постапила Државната комисија во 2015 година** | |
| Уважени жалби | 163 |
| Одбиени жалби | 211 |
| Отфрлени жалби | 49 |
| Запрени постапки | 16 |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 18 |
| Административно доуредување | 14 |
| **Вкупно** | **471** |




*Вкупно предмети од областа на инспекцискиот надзор по кои постапила Државната комисија во 2015 година, според начин на постапување и вид на одлука

. . .

Со овој Извештај е опфатена работата на Државната комисија, начинот на постапување и одлучување, составот и кадровската структура како и вкупниот број на предмети во 2015 година, односно нивна статистичка анализа. Со извештајот детално е опфатена целокупната работа на Државната комисија, во смисла на анализа на сите предмети по кои постапила Државната комисија оваа година.

Во завршниот дел од извештајот би навеле неколку фактори кои се од особено значење за работата на Државната комисија.

Имено, според Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ број 148/2013, во 2014 година од Собранието на Република Македонија беа избрани уште четири нови члена, со што беше проширен составот на Државната комисија. Истата година беше зголемен и бројот на стручната служба која постапува по оформените предмети и изготвува предлог решенија по изјавените жалби од различните области.

Ваквото зајакнување на постоечките капацитети во Државната комисија резултираше со поефикасно и поквалитетно постапување по примените предмети, како и со намалување на бројот на нерешени предмети.

Државната комисија со овој интензитет продолжи и оваа година, што придонесе за одлучување по предметите тековно, односно пред законски определениот рок.

Со ваквиот начин на постапување, Државната комисија придонесе за скратување на управната постапка, како и поефикасна и поквалитетна заштита на граѓаните при остварување на своите права пред органите на државната управа.

Како што е погоре наведено, Државната комисија во 2015 година, постапила по **вкупно 6.064 предмети** од различните области кои беа поединечно претставени. Имајќи го предвид вкупниот број на предмети по кои постапила Државната комисија, а притоа со внимателна анализа на сите параметри кои влијаат на работата на Државната комисија, особено бројот и различната структура на примените предмети, произлегува дека работата на Државната комисија во 2015 година бележи значителни резултати.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИРЕНА БРЗАНОВА**

**Бр.0103 - 679**
**25.03.2016 година.**